Врз основа на член 35 став 6 од Законот за занаетчиство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 215/15), министерот за економија донесе

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗАНАЕТЧИСКИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА ЧИЕ ВРШЕЊЕ НЕ Е ПОТРЕБНО СООДВЕТНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ИЛИ СООДВЕТНО СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се определуваат занаетчиските дејности за чие вршење не е потребно соодветно стручно образование или соодветно стручно оспособување.

Член 2

Занаетчиските дејности според Националната класификација на дејности за чие вршење не е потребно соодветно стручно образование или соодветно стручно оспособување се:

| Реден број | Сектор | Класа | Видови на занаетчиска дејност |
|---|---|---|---|
| 1. | A/A | 01.49 | Одгледување на други животни (медар, црвар) |
| 2. | A/A | 02.20 | Искористување на шумите (ќумурџија, сечач на дрва) |
| 3. | A/A | 02.30 | Собирање на шумски плодови и производи, освен дрва (собирач на шумски плодови) |
| 4. | A/A | 02.40 | Помошни услуги во шумарството (транспорт на трупци во шумите) |
| 5. | B/Б | 08.11 | Вадење на декоративен камен и камен за градежништвото, варовник, суров гипс, креда и шкрилци |
| 6. | B/Б | 08.12 | Вадење на чакал и пасок, глина и каолин |
| 7. | B/Б | 10.39 | Друга преработка и конзервирање на овошје и зеленчук (леблебиџија, семкар и друго) |
| 8. | C/B | 10.61 | Производство на мелнички производи (мелач) |
| 9. | C/B | 10.83 | Преработка на чај и кафе (мелач на кафе) |
| 10. | C/B | 13.10 | Подготовка и предење на текстилни влакна (волновлачар) |
| 11. | C/B | 13.30 | Доврршување на текстил (белење, боење и печатење) |
| 12. | C/B | 13.92 | Производство на готови текстилни производи, освен облека (јорганџија) |
| 13. | C/B | 13.94 | Производство на јажиња, конопи, плетенки и мрежи (јажар) |
| 14. | C/B | 13.98 | Производство на друг технички и индустриски текстил |
| 15. | C/B | 14.19 | Производство на други предмети и прибори за облека (плетач, шапкар) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 16. | C/B | 14.31 | Производство на плетени и хеклани чорапи (плетач) |
| 17. | C/B | 14.39 | Производство на друга плетена и хеклана облека (плетач) |
| 18. | C/B | 15.12 | Производство на куфери, рачни торби и слични предмети, седла и сарачки производи (самарџија) |
| 19. | C/B | 15.20 | Производство на обувки (налanџија, опинчар, папуџија) |
| 20. | C/B | 16.10 | Пилење и стружење на дрво (бичкиџија) |
| 21. | C/B | 16.24 | Производство на дрвена амбалажа (качар, бочвар) |
| 22. | C/B | 16.29 | Производство на останати производи од дрво; производство на предмети од плута, слама и плетарски материјал (корпар) |
| 23. | C/B | 23.32 | Производство на цигли, ќерамиди и производи од печена глина за градежништвото |
| 24. | C/B | 23.41 | Производство на керамички предмети за домаќинствата и керамички украсни предмети (грнчар) |
| 25. | C/B | 23.52 | Производство на вар и гипс |
| 26. | C/B | 23.61 | Производство на производи од бетон за градежни цели |
| 27. | C/B | 23.70 | Сечење обликување и доработка на камен |
| 28. | C/B | 23.91 | Производство на абразивни (брусни) производи (производство на мелнички камења) |
| 29. | C/B | 25.50 | Ковање, пресување, штанцување и валање на метали; Металургија на прав (ковач, налбат, острач) |
| 30. | C/B | 25.61 | Обработка и пресвлекување на метали (калајџија) |
| 31. | C/B | 30.99 | Производство на други превозни средства, неспомнати на друго место (колар, коларо-ковач) |
| 32. | C/B | 32.91 | Производство на метли и четки (метлар, четкар) |
| 33. | C/B | 32.99 | Останато производство, неспомнато на друго место (копчар, свеќар, вештачко цвеќе, венци, сита, решета и друго) |
| 34. | F/Ѓ | 43.12 | Подготвителни работи на градилиште (ископ, насипување, нивелирање на земјиште, отстранување на камења) |
| 35. | F/Ѓ | 43.99 | Останати специјализирани градежни работи, неспомнати на друго место (ролетар) |
| 36. | G/E | 45.20 | Одржување и поправка на моторни возила (мијач на коли) |
| 37. | N/Л | 77.22 | Изнајмување на видеоленти и дискови (видеотека) |
| 38. | N/Л | 81.21 | Основно чистење на згради (чистач) |
| 39. | N/Л | 81.22 | Останати дејности на чистење на згради и објекти (мијач на прозорци, оџачар, чистач на котли и печки) |
| 40. | N/Л | 82.19 | Фотокопирање, подготовка на документи и останати спејализирани канцелариски помошни дејности (фотокопир) |
| 41. | R/Њ | 93.21 | Дејности на забавни и тематски паркови |
| 42. | S/O | 96.09 | Останати лични услужни дејности, неспомнати на друго место |

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Листата бр.4 Занаетчиски дејности за кои не е потребно соодветно образование од Правилникот за определување на дејностите кои можат да ги вршат занаетчиите („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/04, 14/08 и 44/09).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. ________________________ Министер за економија,

Скопје, ____________________ Крешник Бектеши